Архивски знак 21/02
Рок на чување трајно
201 год. Потпис
КРУШЕВО

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Општина Крушево на ден 11. 01. 2021 година, донесе

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1.За планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2-градби за производство на енергија, термо електрична централа за производство на електрична енергија од био маса на КП 1472/14, КО Алданци, Општина Крушево, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена, се објавува на веб страна на Општина Крушево, на следната веб адреса: http://krusevo.gov.mk/ .

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Е2- градби за производство на енергија, термо електрична централа за производство на електрична енергија од био маса на КП 1472/14, КО Алданци, Општина Крушево, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: на површината на предметниот локалитет е предвидена следнава класа на намена: Е-инфраструктура, основна класа на намена Е2-комунална супраструктура.

Според ова при реализација на предвидената класа на намена не постојат основни индикации за значајни влијанија врз животната средина и на просторот во непосредната околина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 11-66/ 2
од 11.01.2021 г.
Место Крушево

Општина Крушево
Градоначалник
м-р Томе Христоски